КМРСМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

за Второ Собрание на Комората на медијатори на Република Северна Македонија за ден 22.05.2019 година (среда) во 17:00 часот во просториите на Сојуз на Стопански Комори

Информација / Извештај од Претседателот на верификационата комисија за бројот на присутни за Собранието да може да одлучува, односно дали се присутни повеќе од половина запишани медијатори во Именикот.

Записничар Ана Богдановска

Дневен ред

1. Усвојување записник од седницата на Собрание на КМРСМ на 24.03.2019 година
2. Усвојување Одлука за примена на Уставен амандман XXXIII
3. Усвојување програма за работа на КМРСМ за 2019 година
4. Усвојување деловник за работа на надзорниот одбор на КМРСМ
5. Усвојување Одлука за измени и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на употребата на печат, штембил и лого на комората
6. Информација за изминати и за идни активности на УО и на Комората
7. Информација за донесени одлуки на УО

   за формирање комисии

   за ангажирање адвокат на Комората на медијатори

   за формирање координативно тело на УО
8. Информација за одржаната Европска Конференција за медијација на тема Медијацијата и бизнисот која се одржа на 18.04.2019 год во хотел Континентал
9. Информација за намирување на членаринатa - предлог решенија
10. Разно

Со почит,

08.04.2019 година

С к о п ј е

Комора на медијатори на
Република Северна Македонија
Претседател,

м-р Славе Младеновски

КМРСМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК

На ден 24.03.2019 г. во просториите на хотел Stone Bridge Skopje, Кеј Димитар Влахов бр.1, Скопје се одржа Вонредно Изборно Собрание на Комората на медијатори на Република Северна Македонија.

На седницата на Изборното Собранието на Комората на медијатори присутни се 27 членови – медијатори од вкупно 40 медијатори, за што Верификационата комисија избрана на претходната седница за ова собрание во состав Гордана Богеска, Дарко Ѓорѓиевски и Теута Бериша, констатираа дека го има потребното мнозинство, за да седницата се одржи.

Прилог кон Записникот е - список на присутни лиценцирани медијатори, кои своето присуство го потврдуваат со потпис. За цело времетраење Седницата се снима во видео запис.

Досегашниот Претседател Славе Младеновски, ја отвори седницата на Вонредното Изборно Собрание во 12.10 часот и извести дека сите материјали за денешната седница се испратени навреме со поканата со предложениот дневен ред:

1. Формирање Комисија за верификација;

2. Избор на тричлено работно претседателство;

3. Усвојување Дневен ред;

4. Усвојување Записник од претходните седници од 24.03.2018 година и 03.02.2019 година;

5. Усвојување на Извештај за работата на Комората за 2018 година и до март 2019 година;

6. Усвојување на Извештај за работата на Надзорниот одбор на Комората за 2018 година;

7. Усвојување на годишен Финансиски извештај за работењето и користењето на средствата на Комората за 2018 година;

8. Извештај од Комисијата за верификација на кандидати на органи на КМРСМ;

8.1. Спроведување на гласање и избор на членови на НО;

8.2. Спроведување на гласање и Избор на членови на УО;

8.3. Претставување на Програмата на кандидатите, спроведување на гласање и избор на претседател на Комората на медијатори;

9. Одлука за одржување на прва Седница на Собрание на Комората;

10. Разно

Записникот од Собранието на Комората на медијатори на Република Северна Македонија го води Ана Богдановиќ.

Пред да се (даде збор на констатираното од страна на Верификационата комисија) пристапи кон формирање на Верификациона комисија, збор побара Валентина Арсова за да посочи процедурално, бидејќи од страна на Одборот за медијација не се дадени уверенијата на завршените кандидати и акредитацијата на обучувачот Јелисавета Георгиева Јовевска, можеби е потребно седницата на собранието да се одложи за по претседателските избори. Бидејќи ја повика при излагањето, Роза Алексова која е член од Комората во Одборот, за збор се јави и одговор даде Роза Алексова дека постои мораториум поради изборите да се издаваат лиценци и други акти од кои потоа се остварува приход, како и по примерот на сите други дополнителни професии како вештите лица, а дека истите ќе бидат издадени по завршувањето. Кон мислењето на колешката Арсова се придружи и колегата Илија Манасиев процедурално кој исто така смета дека поради претседателските избори собранието не треба да ја одржи седницата и истата да се одложи. Илија Манасиев наведе дека кога станува збор за приходи, во овој период се остварени приходи од донации. За членови на Верификациона Комисија за

оваа седница се повикани да дадат свое излагање околу кандидатурите на членовите за избор на органите и како состав за нова верификациона комисија и на оваа седница :

Гордана Богеска како претседател, Теута Бериша и Дарко Ѓорѓиевски.

Се пристапи кон гласање за членовите на Верификационата комисија. Со мнозинство ЗА, 2 ВОЗДРЖАНИ и 2 ПРОТИВ, е избрана Верификациона комисија во состав со предложените членови.

Член од Верификационата комисија, Гордана Богеска констатира дека се присутни 27 членови – медијатори и има кворум за одржување на седницата.

Илија Манасиев побара поддршка од колегите правници дека Собранието не е закажано во смисла на чл. 39 ст.3 од Законот за медијација, односно дека Изборното Собрание се закажува 60 дена пред истекот на мандатот на органите на Собранието и со тоа, се дуплира функцијата претседател и има проблем во Собранието. Вест за седница на Собранието е објавена на 18.03.2019 г., и за да биде согласно закон, да се одложи Собранието, да нема штета, туку легално Собрание, поради преклопување на мандатот бидејќи нема оставка на Претседателот.

Предлогот на Илија Манасиев е ставен на гласање. Со 3 гласови ЗА, 22 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ, истиот НЕ Е УСВОЕН.

Се предлага работно претседателство за потребите на обезбедување неутралност и транспарентност на работењето на собранието, бидејќи во актите на комората не е предвидено тело кое ќе ги води изборните собранија кога ќе се избира претседател и членови на органите.

За збор се јави Валентина Арсова и предложи точка на дневен ред: разрешување на Претседателот и членовите на Управниот и Надзорниот Одбор. Да се воведе точка за промена на називот на Комората во Комора на Република Северна Македонија, како и предлог за измена на дневен ред т.3 да биде т.2. По спроведено гласање, предлогот не е усвоен со 4 гласови ЗА, 21 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

Илија Манасиев предлага да не се формира работно претседателство, од причина што не е деловнички и статутарно. Предлогот не е усвоен, со 4 гласови ЗА, 18 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

Се предлага работно претседателство со членови Ирена Цветковска, Рефика Мурић и Ќебир Авзиу, и предлогот е усвоен со 20 гласови ЗА, 3 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

По изборот да биде дел од работно претседателство, Рефика Мурић се откажува и ја повлекува својата кандидатура за членство во Управниот Одбор.

Ќебир Авзиу го става на гласање усвојување на дневниот ред, и се констатира усвојување со 24 гласови ЗА, 1 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАН.

Се преминува на т.4 од дневниот ред усвојување на Записник од седница одржана на 24.03.2018 година, и записникот е усвоен со гласови ЗА 17, ПРОТИВ -, ВОЗДРЖАНИ 8.

Во однос на усвојување на Записник од седница одржана на 03.02.2019 г. доставен е приговор од Јелисавета Георгиева Јовевска, и истиот е прочитан од Рефика Мурић (приложен кон записникот). Ставен е на гласање и истиот е усвоен со 20 гласови ЗА, 2 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ.

Зоран Вучев укажува на технички грешки и пропусти во Записникот од 03.02.2019 г. , и тоа на страна 15 треба да стои "до донесување на новиот закон", потоа на страна 16 во т.7.3 кај 21 и 22, треба да се брише 22. Во однос на страна 18 од предметниот записник, одлука за склучување на договор со телефонски оператор не е донесена, туку е одложена на предлог на Бранко Ушковски). Предлогот на Вучев да се направат корекции на технички грешки, и на одложување на телефонскиот оператор е ставен на гласање и истиот усвоен со 20 гласови ЗА, 2 ПРОТИВ И 4 ВОЗДРЖАНИ.

Ќебир Авзиу го повикува досегашниот претседател Славе Младеновски да даде краток осврт на работењето на Комората во текот на 2018 г. и до март 2019 г. Согласно доставениот извештај за работа на комората до членовите

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Димитрија Чуповски 9, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Тел: +389 2 614 1917, Моб: +389 71 31 41 41, к_м_р_м@yahoo.com

Славе Младеновски стави акцент на остварената средба со меѓународните претставници на Холандската Амбасада, на отворената веб страна на Комората, на одбележување на денот на граѓанската правда на 25 Октомври, работната средба со Премиерот Зоран Заев, како и потпишување на Меморандумот помеѓу Комората и Владата на Република Северна Македонија. Потоа, укажа на примените донации и дека е најсиромашна Комора.

По однос на краткиот осврт, збор побара Зоран Вучев и наведе дека во Извештајот за работата на Комората постои селекција во истакнување на имињата, и дека Управниот Одбор штом се распаднал, значи дека нешто не е во ред. Илија Манасиев се произнесе дека ги има барано сите одлуки и акти, и се уште не му се дадени, ниту му е одговорено, потоа дека во Комората нема инклузивност и транспарентност.

Се повикува Дејан Белевски да даде краток осврт на работењето на Надзорниот Одбор во текот на 2018 г. Во врска со финансискиот извештај за работење на Комората, колегата Белевски укажа дека Надзорниот Одбор се состанал 2 пати и даде извештај за финансиското работење на комората. Годишниот финансиски извештај за работењето и користењето на средствата на Комората за 2018 година е усвоен со 22 гласови ЗА, 0 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ. Во однос на прашањето од Илија Манасиев за доставување на годишна сметка, Дејан Белевски појасни доколку нема промет повеќе од 2000 Евра, нема законска обврска за здружение на граѓани да достави годишна сметка.

Се пристапува кон т.8 од Дневниот ред, Комисијата за верификација на кандидати на органи на КМРСМ. Дарко Ѓорѓиевски известува дека не се прифатени кандидатурите пристигнати по истекот на законскиот рок, односно во понеделникот и тоа за лицата: Илија Манасиев, Маја Ристовска Стојановска и Валентина Арсова бидејќи се поднесени по истекот на рокот за поднесување.

Следува кратка пауза во 13: 30.

Во 13:45 Собранието продолжува со работа. Претседателот го става на гласање одобрување на снимање и фотографирање на седницата, дека ова вонредно изборно Собрание се снима, не се загрозува приватноста, нема да се објавува, туку останува во архива на Комората заради транспарентност на се она што ќе се изјави. Се констатира усвојување со 25 гласови ЗА, 0 против, и 2 ВОЗДРЖАНИ.

Пристапува Верификационата комисија, при што Гордана Богеска ги чита прописите за гласање, дека се избираат првин членови на Надзорен Одбор, потоа се избираат членови на Управен Одбор, и на крај се гласа за претседател на Комората. Нема услови за членови на Етички Совет, истите ќе се исполнат во 2020 година, кога ќе има 7 кандидати со исполнети законски услови.

Се спроведува гласање за членови на Надзорен Одбор. По пребројување на гласовите од страна на Верификациона Комисија, вкупно гласале 27 членови, а 3 ливчиња се неважечки (на едно не е гласано и 2 ливчиња се прецртани). Се констатираат 23 гласови за Дејан Белевски, 20 гласови за Ана Ромевска и 22 гласови за Лепосава Апостоловски Велинов.

Пред да започне гласање за членовите на Управен Одбор, Славе Младеновски информираше дека пријавениот кандидат Миљазим Мустафа е отсутен поради смртен случај кој посакал успешна работа.

Во 14:10 започна гласањето за членови на Управен Одбор и завршува во 14:25 минути. По пребројувањето на гласовите, Верификационата комисија утврди 1 неважечко ливче, 23 гласови за Миљазим Мустафа, 22 гласови за Фросина Кипровска Лукиќ, 25 гласови за Бранко Ушковски, 24 гласови за Надежда Неделковска, 24 гласови за Атанас Атанасов и 23 гласови за Биљана Азеска Толеска.

Пред да се пристапи кон гласање за претседател на Комората, се дава по 5 минути време на секој од кандидатите за краток осврт на својата програма, која е објавена на веб страната на Комората. Во 15:00 се пристапи кон гласање за избор на претседател и завршува во 15:10 минути. По пребројување на гласовите, Верификационата комисија утврди 20 гласови за Славе Младеновски и 6 гласови за Зоран Вучев, додека 1 ливче е неважечко.

Верификационата Комисија констатира избирање на:

Надзорен Одбор во состав: Дејан Белевски, Ана Ромевска и Лепосава Апостоловски Велинов.

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Димитрија Чуповски 9, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Тел: +389 2 614 1917, Моб: +389 71 31 41 41, к_м_r_м@yahoo.com

Управен Одбор во состав Миљазим Мустафа, Фросина Кипровска Лукиќ, Бранко Ушковски, Надежда Неделковска, Атанас Атанасов и Биљана Азеска Толеска.

Се констатира избор за претседател на Славе Младеновски.

Ќебир Авзиу се заблагодари на Верификационата комисија и посака среќа, се надева на успешна работа на Комората и еднаквост на сите медијатори.

Претседателот Славе Младеновски ги повика новоизбраните членови да ветат дека ќе работат за медијацијата.

Се предлага првата седница на Собранието да се одржи на 14.04.2019 г. Предлогот е усвоен со 25 гласови ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

На иницијатива на ново избраниот претседател Славе Младеновски, по кратко излагање за бенефитот од зачленувањето во Сојуз на стопански комори, користејќи ги бенефитите како сала за седници, просторија за постапка на медијација, со годишен надомест од 12.000,00 денари на Комората, а без трошок за медијаторите пред присутните се стави на гласање прашањето КМРСМ да се зачлени во Сојуз на Стопански Комори. По поставениот предлог на претседателот, Собранието гласаше Комората да пристапи кон членство во Сојуз на Стопански Комори и тоа со 26 гласови ЗА; 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се предлага одржување на Европска Конференција во месец април, чиј трошок ќе биде донација. Со 26 гласови ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ предлогот е усвоен.

Претседателот предлага да е издава и печатено издание – Ревија за медијација, каде за уредник ја предложи Рефика Муриќ. Предлогот е ставен на гласање и усвоен со 25 гласови ЗА, против 0 и 1 ВОЗДРЖАН.

Ирена Цветковска се јави за збор и предлага да се зголеми висината на членаринатa на 3.500, денари од причина што Комората нема средства. Се гласа за одлука да се даде задолжение на УО да пристапи кон измена на Статутот на Комората во делот на утврдување на висината на годишната членарина на членовите со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ 4 и ВОЗДРЖАНИ 3.

Александар Крстев се јави за збор и предложи за предмет на медијација даден на медијатор преку Комората, да повлекува и одреден надомест – процент на медијаторот спрема Комората за конкретниот случај, кој надомест ќе се утврди од Управен Одбор. Предлогот е усвоен со 21 глас ЗА.

За збор се јави Роза Алексова која рече дека иако нема задолжителна обврска сака да изложи за досегашните активности на Одборот во кој членува. При што извести дека секој може да и се обрати, да постави прашање и помогне во промоција на медијацијата, најави за досегашните акти на Одборот кои напомна дека се јавно објавени и достапни на интернет страната на Министерството за правда. Најави дека на медијаторите ќе им бидат доставени и анкетни листи заради квантитативна евалвација на нивното досегашно работење во изминатите две години. Ги отфрли сите обвинувања за нејзината работа, но по принципите на медијација, не побарала судска заштита. Изјави дека ќе биде и понатаму транспарентна и ќе биде уште поактивна за промоција на медијацијата.

Во 16:00 по исцрпување на сите точки од дневниот ред, заврши Вонредното Изборно Собрание.

Записникот е констатиран врз основа на прибелешки на Собранието, а во Прилог ќе биде ЦД од фото студио Јасмина.

Скопје, 24.03.2019г.

Записничар,

Ана Богдановиќ

Комисија за верификација

Гордана Богеска

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Димитрија Чуповски 9, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Тел: +389 2 614 1917, Моб: +389 71 31 41 41, к_м_r_м@yahoo.com

Врз основа на член 38 од Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16)., и чл. 7 од Статутот на Комората на медијатори на Република Македонија, на предлог на УО, Собранието на Комората на ден 14.04.2019 година, донесе

ОДЛУКА

за измени и дополнувања на Правилникот за
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И ЛОГО НА КОМОРАТА

Член 1

Се врши измена и дополнување на Правилникот за формата содржината и начинот на употреба на печат штембил и лого на комората така што, секаде во текстот на овој правилник, каде е спомнат називот на комората, се врши усогласување согласно Одлуката за прогласување амандмани, а конкретно Уставниот амандман XXXIII објавен во Службен весник бр.6 од 12.01.2019 година, а во врска со одредбите од Законот за медијација (Сл.в.на РМ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), на начин што, во називот на Комората се додава зборот „Северна“ со што целосниот назив гласи „Комора на медијатори на Република Северна Македонија“:

На англиски јазик, соодветно, усогласувањето во смисла на ст.1 од оваа одредба гласи „Chamber of mediators of Republic of North Macedonia“.

Во останатиот дел, Правилникот останува непроменет.

Член 2

Измените и дополнувањата влегуваат во сила со денот на нивното усвојување на седница на Собрание на КМРСМ.

22.05.2019 година

С к о п ј е

Комора на медијатори на
Република Северна Македонија
Претседател,

м-р Славе Младеновски

Врз основа на член 41 став 4 точка 2 од Законот за Медијација (Службен весник на Република Македонија бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), Управниот одбор на Комората, на одржаната седница на ден 22.05.2019 година, го утврди следниот

П Р Е Д Л О Г Д Е Л О В Н И К

ЗА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Надзорниот одбор на Комората на медијатори. Прашањата кои се однесуваат на работата на Надзорниот одбор се регулирани и со одредени членови од Статутот на Комората на медијатори, како и од Законот за Медијација.

Прашањата кои не се регулирани ниту во Статутот, ниту со овој Деловник за работа, а спаѓаат во делокругот на надлежност на Надзорниот одбор, можат да се уредат и со одлука на Надзорниот одбор.

Член 2

Одредбите на овој Деловник за работа и одржување на седниците на Надзорниот одбор се применуваат за сите лица кои присуствуваат на седницата на Надзорниот одбор.

На седницата на Надзорниот одбор може да присуствуваат без право на одлучување Претседателот на Комората на медијатори и членови на Управниот Одбор на Комората на медијатори .

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 3

Надзорниот одбор како орган на контрола во Комората на медијатори ги остварува своите права и обврски утврдени со Закон, Статутот и одлуките на Собранието и Управниот одбор, како и согласно одредбите на овој Деловник за работа.

Во вршење на работите од својот делокруг, Надзорниот одбор може и има право на врши надзор над:

- спроведувањето на Статутот на Комората и другите општи акти, остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на Комората;

- користењето на материјалните средства на Комората, финансиско- материјалното работење на Комората и користењето на средствата за работа на стручните служби и комисии при Комората;

- надзор над законитоста, материјално - финансиското работење, имотот и правилноста на работата на Комората;

- наплатата на членаринатa;

- и други работи кои му ги доверува Собранието на Комората, односно Управниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор се должни своите работи да ги извршуваат совесно, одговорно и во интерес на Комората на медијатори , со особена внимателност и домаќинско работење.

Членовите на Надзорниот одбор имаат право да присуствуваат на работата на седниците на Управниот одбор доколку се расправа за прашања поврзани со делокругот на активностите на овој одбор.

Работите од својот делокруг Надзорниот одбор ги врши по сопствена иницијатива, на иницијатива на Претседателот на Комората на медијатори или по иницијатива на мнозинство од членовите на Комората на медијатори.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 4

Претседател на Надзорниот одбор се избира на начин и постапка утврдена со Деловникот за работа на Собранието на Комората на медијатори.

ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 5

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува и претседава со седниците на Надзорниот одбор и ги врши сите работи предвидени со овој Деловник за работа.

Покрај горенаведените работи, претседателот на Надзорниот одбор учествува и при извршување на следните активности:

- Утврдување на дневниот ред и предлог одлуките;

- Врши консултација со членовите на Надзорниот одбор во врска со припремата на дневниот ред и материјалите кои треба да бидат доставени;

- Утврдување на начинот на следење, контрола и известување при спроведување на деловната политика, а со цел преземање на корективни и превентивни мерки до колку истите не се реализираат и остварат;

- Се грижи Надзорниот одбор да ги извршува сите работи од своите надлежности.

- Го прати извршувањето и спроведувањето на одлуките на Надзорниот одбор.

СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 6

Надзорниот одбор одлучува на редовни и вонредни седници. Надзорниот одбор одржува најмалку четири редовни седници годишно, за кои составува записник кој го доставува до Претседателот на Комората.

Член 7

Покрај редовните седници, Надзорниот одбор може по потреба да одржува и вонредни седници, кои можат да бидат и тематски.

Член 8

Редовните седници на Надзорниот одбор ги свикува претседателот на Надзорниот одбор, по сопствена иницијатива. Претседателот на Надзорниот одбор може да свика седница и по иницијатива од мнозинството членови од Управниот одбор, Претседателот на Комората и најмалку 5 члена на Собранието на Комората.

ДОСТАВА НА ДЕНЕВЕН РЕД

Член 9

Известување за одржување на седницата на Надзорниот одбор, односно Дневниот ред, се доставува до сите членови, по е-маил, или на мобилен, најкасно три дена пред датумот на одржување на седницата од страна на Претседателот на Надзорниот одбор или од овластен член од Надзорниот одбор.

Во вонредни и неодложни (итни) случаи кои се важни за нормалното работење на Комората на медијатори, овие рокови можат да бидат и пократки.

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Димитрија Чуповски 9, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Тел: +389 2 614 1917, Моб: +389 71 31 41 41, к_м_r_м@yahoo.com

Член 10

Во прилог на предложениот Дневен ред, се доставуваат:

- Составните материјали врз основа на кои Надзорниот одбор треба да донесе одлуки;

- Записникот и донесените одлуки од претходната седница на Надзорниот одбор.

Член 11

Дневниот ред и материјалите освен до членовите на Надзорниот одбор, а по потреба и до Претседателот на Управниот Одбор на Комората на медијатори се доставуваат и до лицата кои треба да реферираат за одредена точка од дневниот ред.

Членовите кои од оправдани причини нема да бидат во можност да присуствуваат на седниците, должни се писмено или усно да го информираат Претседателот на Надзорниот Одбор.

Член 12

Претседателот ја води седницата на Надзорниот одбор согласно точките од дневниот ред. Известителите за поедини точки се должни во кратки црти да го образложат доставениот материјал, или информација.

НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Член 13

Надзорниот одбор одлуките ги донесува со консензус.

ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ БЕЗ ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦИ

Член 14

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување состанок со користење на конференциски, или комуникациски врски. Одлуката е важечка и без одржување состанок до колку сите членови на Надзорниот одбор дадат писмена согласност за одлуката која се донесува, констатирано на записник на Надзорниот Одбор.

ЗАПИСНИК

Член 15

На седниците на Надзорниот одбор се води записник од овластено лице во својство на Записничар, кој се избира од редот на членовите на Надзорниот одбор. Записникот се усвојува на првата наредна седница на Надзорниот одбор. Записникот се потпишува од:

- Претседателот на Надзорниот одбор и

- Записничарот.

КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Член 16

Членовите на Надзорниот одбор не смеат да учествуваат во било какви активности кои можат да и предизвикаат штета на работењето, интересите и угледот на Комората на медијатори, како и во сите случаи во кој личен интерес е во конфликт со деловникот.

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Димитрија Чуповски 9, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Тел: +389 2 614 1917, Моб: +389 71 31 41 41, к_м_r_м@yahoo.com

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Претседателот на Надзорниот одбор е одговорен за организирање на работата на Надзорниот одбор и за спроведување на неговите одлуки.

Член 18

Овој Деловник за работа стапува во сила од денот на неговото донесување од страна на Собранието на Комората на медијатори.

22.05.2019 година

С к о п ј е

Комора на медијатори на
Република Северна Македонија
Претседател,

м-р Славе Младеновски

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Димитрија Чуповски 9, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Тел: +389 2 614 1917, Моб: +389 71 31 41 41, к_м_r_м@yahoo.com

КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (КМРСМ)

ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА ЗА 2019 ГОДИНА

Програмата претставува отворен пишан документ за работата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија (КМРСМ) за период од една година, усвоена Собранието на Комората. Таа претставува декларирана основна определба, заложба и методологија за работа на Комората за период од една година

Истовремено, може да биде дополнувана во согласност со иницијативите, предлозите, сугестиите и потребите на медијаторите.

Април 2019

I. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

МИСИЈА: За медијацијата како решение за секого во спор!

Комората како принципи на работа ги утврдува

- пред надлежните органи и во јавноста ги штити интересите, угледот и правата на Комората како правен субјект и институција во која се организирани и членуваат медијаторите;
- постапува според принципите: еднаквост, рамноправност, правичност, колегијалност и лојалност и според моралните принципи во етичкиот кодекс и утврдената законска регулатива;
- нема да привилегира по основ на пол, образование, занимање, возраст, старост, етничка или каква и да е друга припадност и секој медијатор има еднакви можности и услови на пристап по однос на сите прашања во врска со извршувањето на медијаторската работа и дејствувањето на Комората.
- развива и спроведува политика на изградба на односи на соработка и партнерство со органи на државата, организации, институции и меѓународни организации што ја поддржуваат Комората и медијацијата како концепт за решавање спорови;
- создава услови медијаторите да имаат можности да се претстават во јавноста како медијатори, да учествуваат во активности на промоција на медијацијата и да разменуваат искуства и знаење со други медијатори од регионот и Европа;
- во работата на органите на Комората поттикнува размена на мислења за да се дојде до најдобро решение, прифатено во демократска постапка од мнозинството по однос на прашања во надлежност на Комората;
- се залага за политика на санкционирано на сечие однесување со која со кое се нарушува угледот на Комората и на членовите на Комората.

II. ОСНОВНИ ПРОГРАМСКИ ОПРЕДЕЛБИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

ЦЕЛ: Ние не сме предмет на спорот - ние го решаваме спорот!

Медијаторите се носители на демократско право за пристап до правдата надвор од судовите!

Програмските активности и задачи на органите на Комората произлегуваат од регулираните правила и припишаните надлежности во Законот за медијација, подзаконските акти кои се однесуваат на медијацијата, Статутот и другите акти што ги донесуваат органите на Комората.

Основни определби од кои произлегуваат конкретни задачи, активности и форми за промоција на медијацијата за 2019 година се:

- политика на поддршка, унапредување, практикување, промовирање, јакнење и на развој на медијацијата во Република Северна Македонија и поддршката на политиката со која се создаваат услови и можности за поголема примена на медијацијата во општеството, нејзино развивање, унапредување, популаризирање и промовирање како подобен начин за компромисно и мирно решавање на спорните односи;
- обезбедување примена на начелото на владеење на правото и еднаков пристап до правда за сите субјекти во општеството и почитување на европските стандарди во примената на медијацијата во општеството;
- подобрување на условите за примена на медијацијата во областите: едукација, информирање, право, стопанство, истражување, деловната етика, европско право и меѓународни стандарди за алтернативно решавање спорови;
- подигање на јавната свест во општеството медијацијата да биде прво и едно од можните опции и начини за доаѓање до решение во спор и афирмација на медијацијата како соодветна, практична и ефикасна постапка за решавање спор меѓу правните субјекти, меѓу физичките лица и меѓу правните субјекти и физичките лица, домашни и странски;

- подигнување на нивото на правна култура и јакнење на владеење на правото, промовирање на принципот за пристап до правдата за сите, независно од социјалните, етничките, религиозните, родовите и политичките разлики и одобрување на квалитетот на моралните вредности во општеството;
- создавање услови за донесување нормативни решенија со кои се зголемува примената на медијацијата во општеството и со примена на европските норми, принципи и други меѓународни стандарди за медијацијата;
- запознавање на институциите, организациите, граѓаните и одделни групи во општеството за предностите, принципите и правилата на медијацијата како постапка за решавање спор и запознавање на потенцијалните субјекти како страни во постапката на медијацијата со можностите и со позитивните карактеристики на медијацијата во насока на намалување на водењето парница во судска постапка;
- јакнење на стручниот и на професионалниот капацитет на медијаторите и унапредување на медијаторската работа преку континуирана и специјализирана едукација на медијаторите;
- намалување на степенот на конфликтност во општеството на начин што се карактеризира како етички, професионален и одговорен однос во согласност со позитивната законска регулатива и со мирно решавање спор;
- медиумско промовирање на медијацијата со поддршка на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за правда, и други домашни и меѓународни организации и создавање можности за настапување на медијаторите во медиумите и во јавни презентации, како што се обуки и предавања;
- воведување на медијацијата како факултативен предмет во сите степени на редовното образование во определени одделенија, класови и години на студирање и утврдување наставни единици во учебниците за граѓанско општество.

Временски план на реализација на конкретни задачи и активности во различни и области

Период април 2019/2020	активност	начин /форма	одговорни учесници/ институции	локација
април/ декември	реализација на активностите од Меморандумот за соработка со Владата на РСМ	состаноци, разговори, конференции, предавања, интервјуа	Претседателот делегации работни групи на КМРСМ	Скопје други градови;
мај / септември	популаризирање и промовирање на медијацијата како начин на решавање на споровите соработка со органите на државата, со единиците на органите на локалната самоуправа, со коморите, со граѓанските здруженија и со меѓународните организации	Потпишување меморандум за соработка,, интервјуа, изјави	Претседателот, УО на КМРСМ, органите на државата, локалната самоуправа, коморите, граѓанските здруженија	Скопје, локалната самоуправа,
април/ септември	поканување предвачи медијатори и други домашни и странски стручни лица за едукација, стручно усовршување, подобрување на вештините на медијаторите и зголемување на нивните стручни капацитети	предавања, обуки, конференции	Претседателот, УО на КМРСМ, работни групи	Скопје, локалната самоуправа,
јуни/ октомври	редовна, активна и јавна промоција на медијацијата од министерството за правда со расположливите финансиски средства од Буџетот	капмања во медиуми подготовка, и изработка на пропаганден материјал (флаери, брошури, плакати, пенкала и сл.)	Претседателот, УО на КМРСМ, работни групи, министерство за правда	Скопје, локалната самоуправа,
април/ декември	презентирање на работата на Комората и реализација на конкретни активности со претставници на меѓународните организации и амбасади	состаноци, разговори, изјави	Претседателот делегации работни групи на КМРСМ	Скопје,
септември /март	хармонизирање на нормативните решенија во домашното законодавство со законодавството на Европската Унија и со примена на меѓународните стандарди за медијација	предлог измени и дополнувања на закони	работни групи на КМРСМ	Скопје,
септември /март	укажување на кадрите од јавната и судска администрација на можностите на медијацијата во решавање спор во насока на препорачување на медијацијата на граѓаните	предавања, работилници и обука	работни групи на КМРСМ	Скопје, локалната самоуправа
јуни/ октомври	укажување на предностите, принципите и правилата на медијацијата на менаџментот и на вработените во приватниот сектор, (осигурителни компании, банки и финансиски друштва) со цел да бидат решени спорови со медијација	предавања, работилници и обука	работни групи на КМРСМ	Скопје, локалната самоуправа
септември/ ноември	тематски расправи и настани за медијацијата за Комората за да стане препознатлива и позната	предавања, работилници	работни групи на КМРСМ	други градови
април/ декември	учество на медијаторите во телевизиски и радио емисии во насока на информирање на граѓаните и правните субјекти за карактеристиките и можностите на медијацијата со цел зголемување на сегашното ниво на информираност;	интервјуа, објави на текстови	Претседателот делегации работни групи на КМРСМ	Скопје,
мај/	издавање публикација „Ревија за Медијација“ и други пишани материјали	печатење	Претседателот, УО и работни групи	Скопје,

декември	за медијацијата,			
ноември март	соработка со Судскиот совет, судовите и Врховниот суд заради реализација на програмите за поддршка на и развој на медијацијата, функционалност на отворените канцеларии за медијација во основните судови и во единиците на локалната самоуправа,	организирање, предавања, работилници и обука за	Претседателот, делегации работни групи на КМРСМ	Скопје, локалната самоуправа
април/ март	покренување постапки пред надлежните институции за решавање на проблемот што ги предизвикуваат граѓани што имаат завршено обука за медијатори, а немаат лиценца;	постапки, интервјуа	Претседателот работни групи адвокат	Скопје, локалната самоуправа
април/ септември	формирање Комисии	седница /одлука	УО	Скопје
април/ март	ажурирање на веб сајтот на КМРСМ	техничка подршка, пишување	работни групи на КМРСМ	Скопје
септември/ ноември	испитување на јавното мислење за информираноста на граѓаните со постапката на медијација	анкета / истражување	работни групи на КМРСМ	Скопје, локалната самоуправа
септември/ ноември	отворање регионални канцеларии на Комората	состаноци, разговори, изјави	Претседателот работни групи	Скопје, локалната самоуправа
септември/ делември	за медијацијата – практична демонстрација.	снимање 5 едукативни телевизиски емисии	работни групи	Скопје, локалната самоуправа
септември	јакнење на кохезијата на Комората меѓу медијаторите	дружење	Комора	Скопје, локалната самоуправа
септември/ делември	изработка на стратешки тригодишен акциски план.	состаноци, разговори,	работни групи	Скопје,
септември/ делември	кампања за подигање на свеста за потребата од користење на медијацијата	средби со граѓани	работни групи	Скопје, локалната самоуправа
септември/ делември	соработка со здруженија на граѓани од областа на правосудството и од областа на заштитата на човековите права и слободи и комори	средби со граѓани	работни групи на КМРСМ, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) Институтот за европска политика (ЕПИ) и Здружението на млади правници	Скопје, локалната самоуправа
	соработка со меѓународни организации	членка на сродни европски и светски асоцијации.	ЗМЈИЕ	регион

III. СИМБОЛИ НА КОМОРАТА И ФОРМИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

Симболи на Комората на медијатори

- изработка на лого на Комората (ново),
- печат и штембил на Комората (нови)
- табла со назив на комората (нова),
- ажурирање и Именик на медијаторите (редовно),
- изработка на веб страница на КМРСМ со ознака www.kmrm.org.mk (изработена),
- унифициран печат на медијатор
- унифицирана визит карта за медијаторот и легитимација со број и важност на лиценцата за медијација,
- изработка на електронска адреса за секој лиценциран медијатор со акроним на комората и неговото име и презиме, пример: slave.mladenovski@kmrm.org.mk
- пропишување минимум стандард на правила за облекување (dress code) за медијатор/ка. особено при спроведување постапка на медијација и јавно претставување.

IV. НОРМАТИВНА РАМКА

- Акти на комората: Органите на комората во законски утврден рок се должни да ги подготват измени и дополнување на актите на Комората, Статут, Правилници, Деловник и друго;
  Време крајот на септември
- Законска иницијативност: Предлози до Владата на РСМ и до соодветни министерства за измена и дополнување на постојните законски прописи што ја регулираат работата на медијаторите и постапката на медијација со цел да биде унапредена, промовирана и практично применувана. Измена на законската регулатива која ја регулира областа семејно право заради воведување можност за медијација во бракоразводните спорови и другите видови семејни спорови. Ова посебно по однос продолжувањето на важноста на задолжителниот обид на медијација во стопанските спорови и по 2019 година и воведување на задолжителен обид на медијација во други видови на спорови подобни за одлучување во медијација. Популаризација на медијацијата во кривичните предмети и реализација на Стратегијата за реформи на правосудниот систем во кривичната област, Поднесување иницијативи за измени и дополнување на законските прописи што опфаќаат решенија за медијација во
  - Законот за задолжително осигурување во сообраќајот,
  - Законот за трговски друштва,
  - Законот за семејство,
  - Законот за облигациони односи,
  - Законот за потрошувачи,
  - Закон за заштита и спречување од дискриминација,
  - Закон за работни односи,
  - Закон за парнична постапка и други.
  - Закон за правда на детето;
  - Законот за Извршување заради олеснување и со осигурување на наплатата
- Особено, проширување на обемот на задолжителен обид за медијација не само спрема правниот субјект, туку и спрема физичкото лице и воведување задолжителен обид за решавање на сите видови спорови што се опфатени како медијабилни во Законот за медијација преку измени на законската регулатива;

  Време крајот до март 2020

- Обезбедување правна заштита на медијаторот пред страните и државните институции, пред се по однос на сите пречки во текот на спроведувањето на постапката и по однос на наплатата на трошоците на постапката, со подигање на медијаторскиот трошковник на ранг на веродостојна исправа.

  Време во континуитет

- Согледување и компаративна анализа на домашната правна практика, како и искуствата од досегашниот период на примената на медијацијата во решавање спорови во РСМ и нејзината прифатеност од физичките лица и правните субјекти. Со размена на искуства, преку применливи мерки и форми од земјите од регионот, како и од земјите со поголемо искуство во медијацијата кај нас да бидат подготвени иницијативи за посилно етаблирање на медијацијата во делови на управната или кривичната област;

  Време во континуитет

- Обезбедување членство на Комората на медијатори во релевантни меѓународни институции за медијација. На овој начин КМРСМ се етаблира на меѓународно ниво и воспоставува соработка и размена на мислења во областа на медијацијата со колеги од светот што може да претставува корисно искуство за унапредуање на медијацијата во македонското општество;

  Време крајот до март 2020

V. ОРГАНИЗАЦИЈА, УСЛОВИ И НАЧИН НА РАБОТАТА НА КОМОРАТА

Целокупното работење на Комората е условено од реалните материјални услови, постојните кадровски потенцијали и ресурси и организациски можности. Во овој период бројот на медијатори е значително зголемен во споредба со бројот на медијатори што беа на членови на конститутивното Собрание што создава можност да бидат формирани одреден број комисии. Учеството во комисии и работни групи на претставници на КМРСМ е доброволно и без надомест и на се разговара и се носат решенија од надлежност на работата на медијаторите УО донесува

Мнозинството членови на УО добиваат директни надлежности и задолженија во работата на конкретна комисија со цел УО да се биде практичен, ефикасен и добро и навремено информиран за работата на комисиите.

Директори предложени од Претседателот и избрани од УО на Комората што ќе предложат, подготват и добијат / обезбедат финансиска поддршка за реализација на конкретен проект поврзана со медијацијата.

Работни групи (повремени) од 3 до 7 члена за конкретни задачи и активности и до завршување на активностите.

Сите одлуки од работата на УО и на другите органи на Комората се достапни на увид за медијаторите, а секој може да ги добие и по електронска пошта на негово барање.

Првата година од работата на секој член во органите на Комората и на другите медијатори поврзано со задачи одредени и определени од органите на Комората ќе бидат без надомест (pro bono – за општо добро) за вложениот труд. Во ситуација кога ќе бидат обезбедени средства за одредена активност, учесниците во проектот имаат право на надомест за вложениот труд.

Медиумското учество (како што се гостување во емисии, прес конференции и сл.) не подразбира надомест за таков вид активност од буџетот на Комората. За медијаторите на кои ќе им бидат објавени стручни текстови на веб страницата на Комората, ќе одржат предавања, обуки во организација на Комората и ќе практикуваат други форми на авторство во Договор со Комората е предвиден надомест во зависност од тежината и квалитетот на извршената задача и рамките на финансиските можностите на Комората во конкретниот период. Реализација на конкретни активности преку соработка со надлежните институции во Република Северна Македонија за промоција на медијацијата меѓу граѓаните, јавната администрација, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор. Воспоставување редовна, професионална и активна соработка со институции и органи што се директно и индиректно поврзани и задолжени за успешно применување на медијацијата во општеството.

Обврска на секој медијатор е задолжително пријавување на секој завршен предмет на медијација за кој е добиен одреден надомест во Регистарот за евиденција на постапки на медијација при Министерството за Правда. Водењето уредна евиденција на сите случаи во постапка на медијација од страна на медијаторот, овозможува Комората да иницира измени во делови на Законот за медијација. Ваквата пракса може да биде основа за изработка на стручни анализи од работата на медијаторите и да придонесе во промоција на медијацијата.

VI. МЕДИЈАЦИЈАТА Е ПРИСУТНА ВО ОПШТЕСТВОТО ВО СЛЕДНИВЕ ОБЛАСТИ:

- бизнис секторот / економијата,
- судскиот систем,
- медијација во образовниот систем
- културолошка област,
- врсничкки сегмент
- семејна медијација
- медијација во ресторативната правда
- медијација во социјален контекст

Примена на медијацијата во бизнис секторот / економијата:

- Кога се мисли на медијацијата во економијата, можеме да зборуваме за внатрешна медијација, односно во фирмата/ компанијата, каде што менаџер добива нова улога кога поради конфликтите се случуваат тешкотии во областа на организација, персонал или финансии. Со користење објективна анализа и концентрација на интереси кои ја сочинуваат суштината на проблемот, се отвораат нови можности за продуктивна работа, а со тоа и области повеќезначни влијанија: прво, за решавање конфликти во тимот, организација или во областа на финансиите, второ, за решавање конфликти што се јавуваат за време на преземање или спојување на фирми и отстранување тешкотии за време на нивното наследство Сите овие проблеми може успешно да се решат со користење на основните принципи на медијацијата.

Медијација во правосудниот систем:

- Воведувањето на медијацијата во судскиот систем има за цел са ја зголеми флексибилноста во третманот на конфликтот преку можноста за интервенција во различни фази на конфликтот, наспроти конвенционалните пристапи во судска постапка, кога секогаш доаѓаат по ескалацијата на конфликтот. Медијацијата може да дејствува и превентивно и со обесштетување, така што на заинтересираните страни им овозможува самостојно да побараат активирање на процесот на медијација, пред конфликтот да ескалира до степен за кој страните би се обратиле на судот и кога конфликтот достигнува фаза која остава последици на двете страни, кога тие веќе се обратиле до судска инстанца, со цел да се донесе одлука.

Семејна медијација

- Примена на семејната медијација во семејни конфликти како и развод покажува поголема ефикасност и ефективност отколку судската постапка. Правилата кои се применуваа во медијацијата, како фокусираноста кон проблемот, а не кон луѓето, кон иднината, не кон барање на причините во минатото, совршено одговараат во решавањето на семејните конфликти. Семејната медијација може да опфати неколку сегменти: медијација на конфликтните емотивни релации меѓу партнерите, медијација во спорови при вршење на родителското право, односно доверување на дете, медијација за уредување на начинот на средби на другиот родител со детето и спогодување за висината на издршка, како и во врска со имотните односи на партнерите. Со оглед дека постапката на медијација дејствува превентивно и како рехабилитација за нејзина соодветна примена е потребно измени во Законот за семејство. Имено, задолжителен обид за медијација е потребно да се воведе при покренување постапка на развод на бракот. Ако партнерите во текот на постапката не дојдат до спогодба или спогодбата до која дошле, медијаторот ќе процени дека не е во интерес на децата, постапката на развод продолжува на суд.

VII. СТРУЧНОСТ ОБУКИ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

- Обука за медијатори: Обуката покрај основна, треба да е континуирана и специјализирана, заради унапредување на стручните квалитети и вештини. Медијаторите можат да се вклучат како предавачи / обучувачи на потенцијални медијатори и во другите форми на стручно презентирање на вештините на медијацијата.
- Обука за обучувачи за медијатори: Комората треба да ја поттикнува активноста за обезбедување обучувачи на медијатори и обука за обучувачи за медијација. Оваа активност е тесно поврзана со надлежностите на Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите за медијацијата и Министерството за правда.
- Тематски работилници: организирање предавања / обуки за постојните медијатори, специјализирани обуки за медијација само за одреден вид спорови, за судии и за други заинтересирани лица што сакаат детално и поконкретно да бидат запознаени за предностите на една форма на алтернативно решавање спор - медијација и со законските решенија кај нас и во други земји во кои е регулирана медијација како постапка.

VIII. СОРАБОТКА СО ОРГАНИ, ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И СО КОМОРИ

Како институции што се директно засегнати со промоцијата и примената на постапката на медијацијата во општеството се:

- Влада на Република Северна Македонија,
- Министерството за правда,
- Основните судови,
- Основното Јавно обвинителство,
- Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- Државно Правобранителство на Република Северна Македонија,
- Врховен суд на Република Северна Македонија,
- Судски совет на Република Северна Македонија.

Како институции што се индиректно засегнати со промоцијата и примената на постапката на медијацијата во општеството се:

- единиците на локална самоуправа,
- универзитети и факултети и други образовни и воспитни установи во Република Северна Македонија,
- други органи на управа (министерства, агенции, директорати, инспекторати и сл.),
- граѓанските здруженија од областа на правосудството (Здружение на судии, Здружението на Јавни обвинители на Република Северна Македонија и други), како и од областа на заштитата на човековите права и слободи,
- синдикати и здруженија на работодавци во Република Северна Македонија,
- стопански комори и професионални комори (нотарска, адвокатска, на извршители и сл.).
- меѓународните организации во Република Северна Македонија.

Основна определба на ваквиот вид соработка е стекнување, знаење, искуство, соработници, партнери и пријатели со цел да се постигне поголема афирмација на медијацијата во земјата и надвор од неа. Во поглед на реализацијата на соработката со овие институции се применува методологија на работа според предложен и одобрен проект од органите на Комората со задолжени личности, активности, планирано време и буџет. На секој медијатор му се дава можност да предложи соодветен проект поврзан со работата и надлежноста на Комората, да биде ангажиран на клучна позиција и да го реализира во соработка со други колеги медијатори или надворешни соработници. Принципите и правилата за овој вид соработка ќе бидат презентирани пред УО, а откако ќе се постигне согласност за нив ќе бидат предложени на сите медијатори во форма на документ. Градењето меѓусебна доверба е висок приоритет вклучително и размената на искуства во различните видови спорови. Устројување на натамошна едукација на медијаторите и одржување на

годишни тематски конференции Воспоставување едукациски програми за медијатори соодветни за специфични подрачја на спорови и во однос на различни локални заедници и уредувања на граѓаните.

IX. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ, СОРАБОТКА И ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

- КМРСМ како посебен правен субјект во меѓународниот правен промет ги промовира националните вредности и обележја и достигнувањата во медијацијата. Силно се посветува на меѓународната размена на искуства, промоција на идеи, почитување и примена на добри практики, прифаќање на институционални вредности. Единствена цел е промоција и практикување на меѓународна активност и остварување на квалитетна синергија со сите релевантни институции што практикуваат медијација, примена на вештини и умеења во изнаоѓање брзи, ефикасни и практични решенија. При тоа особено е важно да се зачуваат посебните вредности како национални обележја, во смисла на примената на можните методи и на начините за решавање на споровите.
- Единствениот простор на Балканот и пошироко на Југоисточна Европа е базичната форма на акумулација на сите вредности на граѓаните кои живеат, работат, создаваат спорови и истовремено имаат потреба од нивно ефикасно, економично решавање. Се разбира, на ова се надоврзуваат и останатите современи форми на практикување на медијација од страна на поразвиените земји на западното општество.
- КМРСМ во наредниот период продолжува со редовна соработка со Здружението на медијатори за Југоисточна Европа (Udruga Medijatora Jugoistočne Evrope UMJIE) со седиште во Загреб, Република Хрватска на планот на реализација на заеднички проекти, размена на искуства и предавања. Комората реализира одредени активности со ова Здружението и од заеднички интерес на двете организации е оваа соработка да добие повисоко институционално ниво.

X. ФИНАНСИСКА ОСНОВА И ПОДДРШКА

- Комората поднесувањето проекти до одредени домашни институции и меѓународни организации го гледа како можност и потенцијален извор за поддршка на активностите на Комората како и преку заедничка соработка со други организации на конкурси за добивање грантови пред домашни и меѓународни организации.
- Од Министерството за Правда ќе се бара за промоција на медијацијата да ги реализира финансиските средства од Буџетот со кој располага на годишно ниво.
- Одржување, предавања и семинари за потребите на претставници од бизнис секторот;
- Донациите и спонзорствата од домашни и од меѓународни субјекти се потенцијален извор за обезбедување поддршка во реализација на конкретен настан;
- Ангажирање надворешен субјект за ревизија на финансиското работење на Комората;
- Финансискиот извештај за работата на Комората е јавен документ за секој медијатор.

КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (КМРСМ)

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

Април 2019

Со оваа програма на Управен одбор на Комората (во натамошниот текст Програма) се уредува работата на

Управниот одбор на Комората на медијатори на Република Северна Македонија како извршен орган на Собранието на Комората на медијатори на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Комората).

Управниот одбор во состав од седум члена својата работа ја уредува со Програмата за работа во соласност со Законот на медијација.

Со оваа Програма се уредува начинот на работата на Управниот одбор на Комората и тоа:

- ќе ги подготвува седниците на Собранието на Комората, ќе го утврдува предлог на Статутот и другите акти на Комората кои ги усвојува Собранието на Комората и ќе прибавува претходна согласност од Министерството за правда за актите за кои тоа е предвидено со одредбите од овој закон;

- ќе ја спроведува политиката и ги извршува заклучоците и одлуките донесени од Собранието на Комората;

- ќе се грижи за наплата на членаринатa;

- ќе управува и одговара за средствата и имотот на Комората;

- ќе составува предлог на периодична и годишна пресметка;

- ќе одлучува за други прашања кои се во негова надлежност согласно со закон или Статутот;

- ќе се грижи за примена на Статутот, Етичкиот кодекс на медијаторите и другите општи акти на Комората;

- ќе дава стручна помош на членовите на Комората заради унапредување на праксата во спроведување на медијацијата;

- ќе ја следи примената на прописите од значење за медијацијата;

- ќе објавува студии, зборници на трудови, стручни прирачници, информатори и други документи од областа на медијацијата;

- ќе организира научни и стручни собири од областа на медијацијата;

- ќе ја информира стручната и широката јавност за медијацијата и

- ќе врши и други работи определени со овој закон, Статутот и општите акти на Комората.

Конкретно во текот на 2019 година Управниот одбор на Комората на медијатори на Република Северна Македонија:

- ќе организира остварување меѓународна соработка на Комората на медијатори на Република Северна Македонија со други медијаторски организации;
- ќе организира конференции и семинари за едукација на членовите на Комората на медијатори на Република Северна Македонија;
- ќе организира работилници за унапредување и усовршување на работата на членовите на Комората на медијатори на Република Северна Македонија;
- ќе ја усогласува својата работа согласно укажувањата на медијаторската пракса:
- ќе се ангажира за подобрување на позицијата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија во судството, при соработка со нотарите и адвокатите:
- ќе лобира за побрзо усвојување на програмата на на Комората на медијатори на Република Северна Македонија од страна на Владата;
- ќе ги изготви како предлог пред Собранието на Комората на медијатори на Република Северна Македонија потребните правилници;
- ќе усвои методологија за распределба на предмети која ќе ја предложи за усвојување пред Собранието на Комората на медијатори на Република Северна Македонија;
- ќе изготви предлог правилник за наплата на членаринатa за усвојување пред Собранието на Комората на медијатори на Република Северна Македонија;
- ќе издаде публикација во која ќе се објавуваат текстови за медијацијата;
- преку медиумите и научните собири ќе ја информира стручната и широката јавност за предностите на медијацијата и итн.